# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО

СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 16.05.2025<br>БРОЈ 60 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |



З А К Л У Ч О К за објавување на Д О П О Л Н У В А Њ Е Н А О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2025 година.

Д О П О Л Н У В А Њ Е Н А О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2025 година.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ“ бр.202/24) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

Д О П О Л Н У В А Њ Е Н А О Д Л У К А
за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2025 година

Се објавува Д О П О Л Н У В А Њ Е Н А О Д Л У К А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2025 година со Бр.09-1924/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 16.05.2025 година.

Бр.08-1925/1 ОПШТИНА БЕРОВО
16.05.2025 година Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

**************

. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/2002 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 23 став 3 од Закон за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово (Службен гласник на Општина Берово бр.13/02,18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23 ), Советот на Општина Берово на 62-та седница одржана на 16.05.2025 година донесе:

Д О П О Л Н У В А Њ Е Н А О Д Л У К А
за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2025 година

Член 1

Се врши дополнување на О Д Л У К А Т А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2025 година со Број 09-4184/1 од 18.12.2024 година.

Член 2

Во член 2 став 2 од Одлуката за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2025 година, каде што стои “Советот на Општина Берово го продолжува работното време на угостителските објекти од Член 23 од Закон за угостителската дејност, со времетраење од 2 часа за деновите” после алинеја 1 се додава нова алинеја 2 која гласи:

- 16-ти мај;

а алинеите 2 и 3 стануваат алинеја 3 и алинеја 4.

Член 3

Оваа Одлука е составен дел на О Д Л У К А Т А за продолжување на работно време на угостителски објекти за одредени туристички, културни и друг вид манифестации во општина Берово за 2025 година со Број 09-4184/1 од 18.12.2024 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-1924/1 Совет на Општина Берово
16.05.2025 година Претседател
Берово Петар Ружински с.р

**********************

ОПШТИНА БЕРОВО